Македонијо!
Прогледај
со искален вид на срцето
на гордиот и непоколеблив Македонец
и во корен исуши ја белата чума -
иднината
да не ја проколне сегашноста!

Македонијо!
Послушај
со увото на сечија македонска душа -
колку е жилава љубовта за татковината
и со исконскиот глас на твоето име
згасни го огнот на белата чума!

Впрочем
од пепелта
на една згасната нација
не се раѓа
ниту саката феникс птица.

Македонијо!
Не се предавај -
ниту војни ниту владетелства
не успеале
над тебе да бидат вселенска сила.

Зашто ние сме како ѕвездите
моќни
за да опстоиме и да трепериме
по твоето македонско небо
и да не дозволиме да се замагли
видот на нашето сонце
ниту да засипне
нашиот слободарски глас.

## O Makedonien!

O Makedonien!
Schau
mit dem gehärtetem Blick des Herzens
eines stolzen, selbst bewussten Makedonen
und rotte mit Stumpf und Stil jede Seuche aus -
damit die Zukunft
nicht die Gegenwart verflucht!
O Makedonien
Höre
mit dem Empfinden jedweder makedonischen Seele
wie beharrlich die Liebe zum Vaterland ist,
und aus der Urzeitstimme deines Namens
lösche das Feuer der Pest!
Denn schließlich
aus der Asche
einer ausgestorbenen Nation
steigt nicht einmal
ein verkrüppelter Phoenix auf.
Makedonien!
Kapituliere nicht -
weder Kriege noch Gewaltherrscher
schafften es
über dich kosmische Gewalt auszuüben.
Weil wir wie Sterne sind
mächtige
um zu bestehen und zu strahlen
an deinem makedonischen Himmel
und nie erlauben wir dass sich trübt
der Blick unserer Sonne
oder dass verhallt
unsere Freiheitsstimme.

**Белешка за писателот**

Саво Костадиновски е македонски и германски поет, раскажувач,patopisec,писател за

деца и возрасни, пререјувач. Роден на 30 мај 1950 год. во село g.Ботуше – Македонски Брод, Македонија. По катастрофалниот земјотрес во 1963 год. во Скопје, живее надвор од границите на Македонија. Во 1971 се доселува во Германија. Вишо техничко училиште завршил во Келн, во градот каде што од 1973 год. постојано живее. Како дводомен автор пишува лирика и проза за деца и за возрасни на македонски и на германски јазик. За неговите книжевни дела е наградуван и преведуван на повеќе јазици. Застапен е во избори, лексикони, антологии во Македонија и во Германија. Активен член е на Друштвото на писателите на Македонија и на Сојузот на германските писател.

**NOTIZEN ÜBER DEN SCHRIFTSTELLER**

Savo Kostadinovski Makedonisch, Deutscher Autor ist Poet, Erzähler, literarischer Reiseberichterstatter und Übersetzer, wurde am 30.05.1950 in Nord-Botuše, Makedonski Brod, Makedonien geboren. Seit dem katastrophalen Erdbeben 1963 in Skopje, lebt er außerhalb der Grenzen von Makedonien. 1971 kam er nach Deutschland. Die höhere technische Schulausbildung beendete er in Köln, wo er seit 1973 ständig lebt. Als Autor mit zwei Heimaten schreibt er Lyrik und Prosa für Kinder, Jugendliche und Erwachsene auf mazedonischer und deutscher Sprache. Für seine Literarischen Werke ist er Preisträger und er sie wurden übersetzt auf mehrere Sprachen. Er ist in literarischen Auswahl Werken, so wie in Lexika, Anthologien in Makedonien und in Deutschland. Er ist aktives Mitglied des Mazedonischen so wie des Deutschen Schriftstellerverbandes.



**САВО КОСТАДИНОВСКИ**